# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

03.10.2025 година
бр.12 година 60
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Ресен за 2025 година , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 03.10.2025 година.

Бр.09-2407/1
03.10.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02), член 26 став (1) точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 111/23 и 208/24), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 03.10.2025 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Ресен за 2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Ресен потврдува дека во Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, предвидени односно преостанати се средства за експропријација во висина од 2.833.446,оо денари.

Дел или сите средства ќе се искористат за реализација на урбанистичко проектна документација: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за изградба на Е1.6 – канализациска инфраструктура, фекална и атмосферска канализација од село Јанковец до град Ресен, општина Ресен, заведен со тех.бр.У-22/25, изработен од ,, Биро за урбанизам‘‘ ДООЕЛ Битола.

Член 2

Со средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се врши регулирање на имотно – правните односи со сопствениците на имотите од предметната постапка. Истата ќе послужи како доказ во постапка за експропријација, за реализација на предметниот опфат од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Ресен‘‘.

**Совет на општина Ресен**

Бр. 08-2344/4 Претседател

03.10.2025 год. Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект КП бр.1672 во КО Евла, на барање на Владимир Лабачевски од Ресен

Се објавува Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект КП бр.1672 во КО Евла, на барање на Владимир Лабачевски од Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 03.10.2025 година.

Бр.09-2407/2
03.10.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), како и член 2, став 2, 5 и 6 од Правилникот за станарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), член 22, став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ресен („Сл. Гласник на Општина Ресен бр.07/10, 13/13, 08/15 и 11/15) и Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 03.10.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП бр.1672 во КО Евла, на барање на Владимир Лабачевски од Ресен**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичка планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изграден објект на КП бр. 1672 во КО Евла, поднесено барање за утврдување на правен статус за бесправен објект УП-1-12-1381-2011 од 25.8.2011 година од страна на лицето Владимир Лабачевски од Ресен, ул. „Кочо Рацин“ бр.62, кој објект е надвор од урбанистичка планска документација-градежен реон.

**Член 2**

Составен дел на ова Одлука е Извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Ресен”.

**Совет на Општина Ресен**

Бр.08-2344/5
03.10.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Општ акт за - Евла




КП бр. 1672
КО Евла

Владимир Лабачевски
УП-I-12-1381-2011

| ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Катност | Максимални висина до венец |
|---|---|---|---|---|
| А0 - домување во станбени куќи со посебен режим | 50% | до 2.0 | П+1+Пк | 7.2м |
| А1 - домување во станбени куќи | 60% | до 1.8 | П+2 | 10.2м |
| В1 - образование и наука | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| В2 - здравство и социјална заштита | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| В3 - култура | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| В4 - јавни институции | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| В5 - верски објекти | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| Д1 - парковско зеленило | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |
| Д3 - спорт и рекреација | 70% | до 1.4 | П+1 | Согласно АУП |

СОДРЖИНА:

1. Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Ресен за 2025 година..........................................................................стр. 1
2. Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект КП бр.1672 во КО Евла, на барање на Владимир Лабачевски од Ресен.......................................................................................................стр. 3

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**